**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 мај 2004 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ја отворам Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија но кој поради државнички активности не е во можност да присуствува на седницата, членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатски конзуларни мисии, акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од ваше и од мое име да ги поздравам присутните гости.

(Аплауз).

Дами и господа пратеници,

Имаме пријатна чест и задоволство денес, меѓу нас да го поздравиме генералниот секретар на НАТО, неговата екселенција Јап де Хоп Шефер.

(Аплауз).

Тој најде време, покрај интензивниот ангажман врзан со претстојниот Самит во Истамбул да ја посети Република Македонија и да се обрати пред Собранието, а со тоа и пред нашата јавност. Тоа го сметаме и како потврда на континуирана поддршка на НАТО за јакнењето на нашата безбедност и стабилност и охрабрувачки сигнал за реализирањето на нашата стратешка определба за приклучување на Евроатлантската алијанса.

Во оваа прилика, со задоволство можеме да го известиме господинот Јап де Хоп Шефер дека Собранието на 21 мај 2004 година расправаше и едногласно ја усвои Декларацијата за подигнување на односите и соработката меѓу Република Македонија и НАТО. Донесувањето на оваа Декларација беше иницирано од страна на Комисијата за надворешна политика, со учество на пратеници од сите партиски групи застапени во нашето Собрание, со цел да се реафирмира стратешката

определба на Република Македонија за членство во НАТО. Со тоа, уште еднаш јасно е изразена нашата определба националната безбеност и одбраната да ги реализираме и во рамките на колективните безбедносни системи, со крајна цел, членство во НАТО.

Декларацијата за поддршка на процесот на трансформација и проширување на алијансата со која очекуваме да биде опфатена и Македонија, како и на владините напори во реализирањето на обврските и приоритетите сврзани со вкупните реформи што треба целосно да не вклучат во Евроатланската алијанса.

Токму за таа цел, го поканувам и го молам господинот Јап де Хоп Шефер да земе збор.

Повелете господине Шефер.

ЈАП ДЕ ХОП ШЕФЕР:

Господине претседавач, уважени членови на Парламентот, ваша екселенцијо, дами и господо,

Пред се извинувам што доцнам. Знам дека тоа е голем грев Собранието да чека, бидејќи јас самиот бев член на Собранието во мојата земја во Холандија 16 години и знам како е тоа, па започнувам со извинување.

Но, дозволете ми истовремено да кажам дека за мене е огромно задоволство да се обратам на овој уважен Парламент и уште повеќе сум задоволен бидејќи доаѓам со чувство дека сте вие уверени и со право уверени во чувството дека цврсто одите по вистинскиот пат.

Македонија мина низ многу тешки предизвици во неодамнешните години. Иако овие предизвици мораа да се чинат како нешто, во тоа време, што не може да се надмине, вие го надминавте. Можете да сте горди на она што го постигнавте. И јас сум горд што НАТО придонесе кон вашиот успех.

Во текот на балканските војни од 90-тите години  Македонија се сметаше и за среќна и за мудра. Таа ја стекна својата независност од поранешна Југославија без пролевање крв. Таа успеа да се справи со многуте тешки предизвици на оваа новоизвојувана независност и беше способна да ги помири интересите на различните етнички групи.

Низ овие свои постигања Македонија стекна меѓународно почитување и служеше како пример за целиот регион. И, кога реков служеше, во минато време, тоа исто така можам да го кажам и во сегашно време. Таа и сега служи како пример во целиот регион.

Кога во пролетта 2001 година Македонија мораше да се справи со растечката внатрешна криза, Меѓународната заедница се вклучи и тоа се вклучи целосно. Никој не сметаше дека треба, едноставно, да свртиме глава. На Македонија и требаше нашата поддршка. И НАТО и ЕУ и остатокот од Меѓународната заедница презедоа акција, делуваа во соработка со сите странки во конфликтот, за да го спречат ескалирањето на кризата.

Денеска постојат мноштво докази дека овие напори се исплатеа. Ризикот од граѓанска војна исчезна. Македонија, не само што излезе од кризата, таа ја консолидираше својата меѓуетничка коалиција и сега, општо земено, е во помирни води. А, политичките разлики беа надминати на единственото соодветно место, во демократските институции на земјата, пред се тука.

Мошне сум задоволен што можам да видам дека едно од последните фази на реализација на Охридскиот рамковен договор е во тек. Тоа е децентрализацијата на власта. Јас сум целосно уверен дека општинските избори на есен ќе бидат, исто така, успешни.

Уважени членови на Собранието

Овие непроценливи достигања мора да бидат зачувани и потхранувани. Една демократија што функционира е клуч за успехот на Македонија во градењето на мир и безбедност дома. Таа останува најважната основа за идната стабилност и просперитет на Македонија. Таа ќе остане како неопходен предуслов, како што сите знаете, за натамошната интеграција на Македонија во евроатланските институции, со други зборови, за амбицијата на вашата земја да се приклучи на НАТО и на ЕУ.

Цврст е мојот впечатк дека Македонија неповратно е насочена на овој курс. Вие ги имате подобрено своите билатерални односи со своите непосредни соседи и учествувате пошироко во важните регионални иницијативи, како што е Јадранската повелба. Ниту трагичната смрт на претседателот Трајковски пред минатиот месец, односно во март, ниту избувнувањето на насилството во Косово истиот месец можат да ја свртат оваа земја од нејзиниот пат. Затоа ве поздравувам.

Господине претседателе,

Дали овие постигања значат дека оваа земја веќе не се соочува со никакви проблеми? Се разбира дека не. Сите ние знаеме дека Македонија, сеуште, се соочува со значајни предизвици што треба решително да бидат третирани. Економската состојба предизвикува сериозна загриженост не само затоа што невработеноста е потенцијален терен за разгорување на екстремизам од сите

видови, туку економските реформи мора да напредуваат за да обезбедат долгорочна стабилност на вашата земја.

Етничкото помирување, исто така мора да напредува. Земајќи ги предвид сеќавањата од конфликтот од пред три години, ова е тежок предизвик. Сепак, не постои, а сигурен сум дека и вие со тоа ќе се согласите, не постои друга опција.

Богатството на оваа земја секогаш лежеше во нејзините различни култури и народи. Негирањето на овој плурализам ќе значи негирање на голем дел од потенцијалот на оваа земја. Всушност, негирање на нејзиниот единствен идентитет. Токму затоа, правичната застапеност на сите етнички групи останува клучна цел што мора да биде остварувана.

Владеењето на правото, исто така, треба и натаму да се зајакнува. Ова значи борба против корупцијата, секогаш кога таа ќе се случи. Борба против организираниот криминал, вклучувајќи ја трговијата со луѓе и перењето пари. Исто така тоа значи градење на силен судски систем што ја заслужува почитта на сите свои граѓани.

Напредокот во истрагата на убиствата близу Раштански лозја е важен сигнал во оваа смисла. Можам да додадам дека во текот на мојот разговор попладнево со вашиот нов мандатор бев многу задоволен што видов дека во новата владина програма има голем нагласок врз мошне важната тема на судски реформи.

Реформите на одбраната сеуште е една тема со која треба да се соочи секоја земја.

Дозволете ми да ја искористам оваа можност да и честитам на Владата за напредлокот остварен во оваа област. Одлуката да се изврши стратешка ревизија на одбраната беше и сеуште е огромен чекор во вистинската насока. Јасно, преземањето на ваквата ревизија и нејзиното добро изведување се две различни нешта. Но, можам да ви кажам дека сојузниците се импресионирани и со решителноста и со реализмот со кој е пристапено кон овој тежок процес. Резултатот ја поставува сцената за развој на помали но поефективни сили, сили кои ќе бидат во можност да придонесат кон националната одбрана, а исто така да можат и да се распоредат надвор од вашата национана територија, за меѓународни операции. Оваа последна точка е особено значајна.

Денес веќе македонските војници служат во Авганистан и Ирак. Вашата земја, исто така има обезбедено значителна медицинска подршка и поддршка на земја домаќин, и за НАТО и за Европската унија. Ваквиот ангажман, јасно ја потцртува определбата на Македонија да биде производител, а не потрошувач на безбедноста.

Постигањето на оваа цел бара целосно спроведување на стратегиската ревизија на одбраната.

При реализирањето на реформите во одбраната Македонија може да смета на НАТО подеднакво како што можеше да смета и на Алијансата кога времињата беа тешки. Откако влегоа силите на НАТО за да ја спречат граѓанската војна , пред 3 години, односите меѓу Алијансата и Македонија рапидно напредуваат. Минатата година откако НАТО ја предаде својата мисија на Европската унија, Алијансата постана инволвирана во оваа земја, како советник за безбедносните прашања. Се до денес цивилните и воените претставници на НАТО, тука во Скопје продолжуваат да помагаат со реформите во безбедносниот сектор и околу усвојувањето на стандардите на НАТО.

Господине претседавач, почитувани членови на Парламентот, како што сите сте запознаени сега работиме на слично предавање во Босна и Херцеговина. На нашиот Самит во Истанбул, наредниот месец, очекуваме да објавиме дека мисијата на НАТО во Босна, СФОР може да биде успешно завршена на крајот на оваа година. Европската унија веќе искажа дека таа би била подготвена да распореди мисија во Босна во целосна соработка со Алијансата и со континуирана подршка на НАТО, а НАТО ќе остане ангажиран на повеќе начини. Ние ќе задржиме присуство на НАТО во Босна и Херцеговина, дури и по предавањето на Европската унија. Ние ќе останеме ангажирани во потрагата по воените злосторници и ќе продолжиме да и помагаме на земјата во нејзините реформи во одбраната, бидејки наша цел останува да и посакаме добредојде на Босна и Херцеговина, како и на Србија и на Црна Гора во нашата програма Партнерство за мир, кога за тоа ќе дојде време.

Нашата посветеност на Косово исто така останува непроменета. Косово останува енормен предизвик , но не помалку и за неговите непосредни соседи. Меѓутоа неодамнешните изблици на насилство само ја зајакнаа нашата решителност оваа мисија успешно да ја завршиме. Кога избувна насилството ние можевме брзо да го зајакнеме нашето присуство и да го изгаснеме огинот, а сега сме многу подлабоко вклучени во политичкиот процес на Косово отколку било ког апретходно. За да бидам кристално јасен, НАТО нема да излезе од Балканот со работа сеуште незавршена. Тоа, едноставно, не може да се случи. Но, она што се случува е сепак дека Балканот се приближува поблиску до НАТО. Нашиот акционен план за членство е од клучна важност во оваа смисла. Тој бара од земјите аспиранти да постават јасни и мерливи цели низ широк спектар на прашања, вклучувајки ја тука

консолидацијата на демократските институции, зајакнување на правото на владеењето и подобрувањето на добро соседските односи.

Акциониот план за членство беше исклучително ефективен во помагањето на земјите да се фокусираат врз клучните области на реформите. Тој им помогна на неколку Балкански земји да го исцртаат својот пат кон НАТО и тој, сигурен сум, ќе и помогне и на Македонија да ја реализира ова амбиција.

Сите знаете дека не се очекуваат нови покани на нашиот Самит во Инстанбул, наредниот месец. Тоа не треба да биде изненадување.

Сеако,  само пред два месеци НАТО прими 7 нови членки, вклучувајки неколку од Југоисточна европа, што е најголемо проширување на НАТО до сега. Меѓутоа, вратата кон НАТО ќе остане широко отворена и сигурен сум дека желбата да се мине низ таа врата ќе остане моќен стимул за аспирантите, вклучувајки ја и Македонија, за да продолжат на патот на реформи. Знам, оваа земј аима сторено многу и има  остварено огромен напредок и се уште остварува огромен напредок во сите важни и релевантни области за конечното примање во НАТО. Јас можам да ја пофалам вашата земја , можам да ја пофалам Македонија за тоа. Сигурен сум и очекувам дека НАТО Самитот во Истанбул , на крајот на јуни ќе даде јасен знак на охрабрување во оваа смисла.

Господине претседател, уважени членови на Парламентот, ваши екселенции, дами и господа, не скам да го завршам ова обраќање без да оддадам почит на починатиот претседател на вашата земја Борис Трајковски. Тој беше исклучителен човек, човек со силни уверувања, со импресивен морален авторитет и со јасн авизија. Борис Трајковски го користеше своето големо политичко искуство за да обликува подобра иднина за својата земја. Тој замина, без соменвање, таму каде што веруваше дека ќе лежи иднината на Македонија, членството на Македонија во Европската унија и НАТО. Сојузниците на НАТО го споделуваат истото уверување, истата цел. Никој не се сомнева дека вашата иднина лежи цврсто во рамки на Евроатланските  структури. Патот кон остварување на оваа цел сеуште ќе биде долг и тежок, но можностите се поголеми било од кога претходно,  бидејки денес по период на турбуленции, Македонија уште еднаш и повторно пример за целиот овој регион. Таа секојдневно покажува дека етничките тензии може да се надминат преку дијалог и преговори. Таа, исто така покажува дека упорноста и истрајноста ќе се исплатат.

Ќе го завршам мојот говор со два француски збора  “бон кураж”, и посакувам храброст на Македонија и ви посакувам храброст и среќа во вашите разбирливи и

легитимни аспирации да станете членка на оваа уникатна алијанса што се нарекува Северноатланска алијанса односно НАТО. И дозволете ми да завршам со тоа што ќе кажамне само алијансата туку јас лично како нов генерален секретар на НАТО, ќе одговорам на секој можен повик за помош, кој ќе дојде од Македонија, за да се оствари оваа амбиција.

Претседателе и уважени членови на Парламентот, Ви благодарам многу за вашето внимание.

(Бурен аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници, дозволете во името на сите нас да му заблагодарам на господинот Јап Де Хоп Шефер за неговото искрено и поттикнувачко обраќање.

Почитувани, пратеници, почитувнаи гости , со тоа ја заклучувам 64-та седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 16,50 часот.